музеј на современата уметност — скопје

# ИНТЕРВЕНЦИИ ВО ПРОСТОР

скопско културно лето

јули — август 1982

Во рамките на „Скопско културно лето“ во Музејот на современата уметност, оваа година, за прв пат се организирани „Интервенции во простор“. Слични манифестации се видени порано во светот и кај нас, но во Македонија тие се со овој настан организирано прикажани. Целта на „Интервенциите“ е облагодарување, хуманизирање и креативно обликување на просторот околу Музејот, но пред се, овозможување и достигање на потполна творечка слобода, демократизација и демистификација на уметноста. Во оваа прва година на одржување на ваков вид манифестација која што има тенденции да прерасне во интернационална, зедоа учество три групи уметници: Марко Погачник (во првата), Глигор Стефанов (во втората) и Симон Шемов и Кочо Фидановски (во третата). Овие автори, во текот на своето досегашно уметничко дејствување, реализирале бројни слични потфати во земјата и во странство, со што се истакнува нивниот интерес за изразување на ова поле визуелни комуникации.
Сите овие разновидни приоди во обликувањето на природата, каде што се испреплетуваат повеќе медиуми всушност, експонирање на заемното влијание меѓу природата и човекот, а со тоа доближување на уметноста до еден поширок аудиториум, којшто, исто така, е анимиран во интервенциите. Се надеваме дека една ваква отвореност на ликовната уметност и нејзините автори кон публиката е оној вистински миг на анимацијата на ликовното што во денешниве услови на тој начин добива нова смисла и значење.

**УЧЕСНИЦИ:**

МАРКО ПОГАЧНИК 5—10 јули
Роден во Крањ 1944.
Академија за ликовни уметности завршил во Љубљана.
Адреса: Шемпас 160

ГЛИГОР СТЕФАНОВ 16—22 јули
Роден во Кавадарци 1956.
Академија за ликовни уметности завршил во Белград.
Адреса: Георги Димитров 12, Кавадарци

СИМОН ШЕМОВ 20—31 август
Роден во Кавадарци 1941.
Академија за ликовни уметности завршил во Белград.
Адреса: Партизански одреди 101, влез I/10, Скопје

НИКОЛА ФИДАНОВСКИ — КОЧО 20—31 август
Роден во Битуше 1946.
Академија за ликовни уметности завршил во Белград.
Адреса: Јуриј Гагарин 35, Скопје

**МАРКО ПОГАЧНИК**

1. НАЦРТ НА БИ-ПОЛАРНАТА ИНТЕРВЕНЦИЈА

Интервенцијата во простор во Скопје ја замислував така што паралелно би се создавала на два сосема различни нивои: на нивото на природата и на менталното ниво. Нивото на природата претставува еден мошне **конкретен**, опиплив свет, додека менталниот свет, спротивно на тоа, е сосема **апстрактен**, невидлив. Длабоко верувам дека и двата екстремни простори на тој начин ја создаваат животната целина, дека меѓусебно се дополнуваат како материјална и духовна страна на животот. Слично на тоа, мојата интервенција е создавана паралелно во конкретниот простор на природата и во апстрактниот простор на идеите а сепак со цел да претставува едно единствено дело.
Во конкретниот простор на природниот парк пред Музејот создадов за пет дена скулптура наречена СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА. Таа е составена од околу 5 тони природен камен што укажува на нејзиниот конкретен карактер.
Во вечерните часови во текот на тие пет дена, во холот на Музејот, одржав циклус предавања наречен ШКОЛА ВО ПРОСТОР. Додека зборуваме, слушавме и разговараме, не се поместувавме од своите места и ништо конкретно не работевме. Евидентно е дека се движевме во апстрактниот свет на идеите, мислењата, чувствата.
Единството на двата простори на моите интервенции се засновува на принципот на КРУГ. Затоа не е случајно што камењата на споменикот примија тркалезна форма и што учесниците на Школата во текот на разговорот седеа во форма на круг.

2. СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

Споменикот е поставен на благата стрмнина пред Музејот. На тоа место се наоѓа силен извор на електромагнетски сили на земјата, на оние што се битни за животот на нашата планета: за природата како и за човекот. Изворот што е длабоко во земјата е, како што е вообичаено во вакви ситуации, опколен со една статична енергетска струја наречена „акватат“.
Споменикот е составен од 12 камени од кои што 10 се поставени во круг околу изворот на природните сили. Секој од нив е поставен во средината на лакот што го прави аквастатот кога се движи околу центарот чијашто сила го привлекува и одбива. Каменот бр. 11 е поставен одделно, вон кругот, таму каде што спомнатиот аквастат се запира во вид на спирала (додека тој извира во центарот на кругот исто така во вид на спирала).
Сите тие 11 камени се во природни форми и бои. Дванаесеттиот камен е плоча од прилепски мермер на којшто е врежана една единствена линија која што во земјата ја втиснува аквастатот и која што му служи како ЛОГОС на нашиот споменик.
Како жици од музички инструмент, вибрациите на 12-те камења се прецизно наштимувани со комплементарни вибрации на силите во земјата. По тој систем се направени: изборот на камењата, локациите, длабочината на нивното закопување во земјата и аглите под кои што се поставени. Така се создава една музичка хармонија меѓу животот на земјата и местоположбата на споменикот. Поканети сте да влезете во просторот на споменикот и во мир да го почувствувате неговото струење. Интересна е улогата на обработената плоча во споменикот која што го одделува од сличните мегалитски структури бидејќи претставува „свест на споменикот за самиот себе“.

**3. ШКОЛА ЗА ПРОСТОРОТ**

**тема на првиот ден:** Природата и цивилизацијата како два простора на нашата планета — на кој начин тие учествуваат во културите на мегалитскиот и келтскиот период, во античката и модерната уметност.

**тема на вториот ден:** Духовни и материјални простори — хиерархијата на просторот започнува со просторот на срцето, каде што човекот го лоцира својот идентитет.

**тема на третиот ден:** Просторот на исламската и христијанската традиција — концептот на џамијата и црквата се два суплементарни просторни концепти.

**тема на четвртиот ден:** Кои се креатори на просторот — творечката сила на мен-

талниот и интуитивниот пристап, улогата на енергетското и материјалното битие на просторот.

**тема на петтиот ден:** Природни и културни споменици во простор — како можеме да го трансформираме нашиот сопствен и колективен простор. Преобразување на градот.

Всушност, наместо темата на петтиот ден, изведовме, после ритуалното отворање на Споменикот на природата, едно колективно интервју со мене, во кој што со своите прашања учествуваа и присутните учесници на Школа за просторот. Интервјуто е објавено во весникот Нова Македонија од 18 јули 1982.

## ГЛИГОР СТЕФАНОВ

### ИНТЕРВЕНЦИИ СО ПАМУК

Во просторот што го имав пред себе прво сакав да интервенирам со материјал којшто веќе се наоѓаше во него — тревата. Окосената трева, како природен скулпторски материјал, беше логично да се вклопи во околината. Но, од технички причини не бев во можност да ја реализирам оваа идеја. Во потрага за друг природен материјал се одлучив за памукот. Тој не само што е природен, туку има и мека маса како тревата. Во дадениот простор го поставив памукот. Му пристапив без претходни имагинации. Ликовното доживување се раѓаше во текот на работата при што се трудев структурите и облиците да се развиваат природно, биолошки. Облиците ништо не асоцираа, туку сами по себе ба визуелно возбудливи.

Најпрво, на купот памучна маса, на нејзината структура, белина и мекост, реагирав со поставување на црна даска. Ова прво интервенирање претставуваше целина сама за себе, а и во натамошната работа ги забележував ваквите етапи, затоа што истите беа одраз на моето моментално расположение. Вака започна играта со која го истражував памукот, и без образложенија ги менував постапките и ставовите, спрема потребата. Памукот го менував во нови облици: со притиснање, врзување, додавање и одземање, преместување расфрлување и газење па до внимателно редење и моделирање. При целиот процес на работата, материјалот го оставав во природна состојба, а настанатите облици со моето интервенирање претставуваат всушност визуелен ефект на природното и рачно обликување. Просторот и материјалот коишто беа вистински повод за интервенирање, останаа на прво место. А потоа се јави желбата да внесам нешто од себе во нивната права содржина. Тоа доведе до појава на некои експресивни и симболични елементи, како што е вертикалата во центарот на композицијата, на која подоцна се надоврзаа повеќе вертикални елементи (стебла и колци) обвиткани со памук. Материјалот го заземаше своето место во околината онака како што се развиваше мојата игра, создавајќи еден амбиент. Овој пат не сакав да асоцирам некаков амбиент или да развивам свест за него (како во Инсталациите во Кавадарци), туку директно го менував просторот создавајќи нов амбиент.

## СИМОН ШЕМОВ И НИКОЛА ФИДАНОВСКИ-КОЧО

### КОЛЕКТИВНА ИНТЕРВЕНЦИЈА

Појавувањето на овој текст не произлегува од намерата да објави некакви наши ставови, ниту е предодреден да заокружи некое утврдено становиште во однос на визуелно-хроматската практика во досегашните наши дејствувања. Бевме понесени од желбата да учествуваме со боја во Инвервенциите што ги организираше Музејот на современата уметност во Скопје, но поради ограниченоста на материјалните средства, не бевме во можност да ги реализираме во целост проектите што ги предвидовме за изведба.

Отворајќи простор за што помасовно вклучување на професионални и непрофесионални истомисленици, не бевме оптоварени од можностите дека ќе го изгубиме идентитетот при спојувањето со колективната свест. Напротив, тој момент беше пресуден во нашите активности бидејќи со проширувањето на бројот на истомисленицците се збогатија и содржините на нашите дејствувања, иако при тоа го жртвувавме квалитетот создавајќи објекти сообразно со понудените услови. Чинот на активирањето на професионални и непрофесионални учесници во поранешните наши појаснувања го нарековме како чин на демистификација, а овој пат и во практика се заложивме ликовните простори да ги приближиме и до другите сродни уметности симнувајќи ги на тој начин завесите на вчауреноста и самозадоволството.

Поучени од поранешните искуства се заложивме да опфатиме што поголем број иконични документи, (овде ги вбројуваме фотосите собрани при дејствувањето), како и текстуални прилози и толкувања на другите автори кои беа вклучени во интервенциите.

Не претендиравме објектите да се здобијат со статус на ликовно дело, но од еден дел на присутните коишто случајно се затекнаа во текот на работата забележавме дека приоѓаат од таков аспект, очебијно поведени од хроматските стимуланси или можеби затоа што зад интервенциите стоеа и професионалци.

Очекувајќи отпор од страна на утврдените навики и вредности во нашето ликовно-архитектонско поднебје, се надеваме дека ќе бидат атакувани, овој пат, провокативните интервенции од контра-реакцијата бидејќи нашите надежи дека се движиме по вистинските насоки исклучително се подложни на такви синдроми.

**Реализирани интервенции**

— обојување на цементните ѕидови и скали пред влезот на Музејот.
— Боени интервенции врз платото на Музејот.
— Боени интервенции врз објекти: стар кревет, отфрлени кофи, канти, печки, црева, цилиндри, жици, чизми, пантолани, закачални, кутии и др.
— Објект — експлозија на бои „Голијат".
— Колективна скулптура — објект.
— Разапнување на цртежот кон небото од кровот на Музејот кон тревникот (пластични траки).
— Обојување на мрежата.
— Објекти на Жерар Брасел:
  а) „Палета на македонските жени"
  б) „Столот на Карл Маркс"
— Објекти на Томас Лехрер:
  а) „Срце"
— Објекти на Искра Грабуловска
  а) „Проекција во простор"

**Нереализирани интервенции (предвидени)**

— Живи скулптури — објекти.
— Гигантска пеперутка.
— Обојување на природните скали.
— Спалување на обоени објекти.
— Гостување на придружни групи од други медиуми.

**Учесници во интервенциите**

Станко Ѓорѓиев, Кирил Јосифов, Златко Глигоров, Славчо Тренковски, Ванчо Кеков, Коле Мишев, Душко Стојанов, Ранко Даниќ, Владимир Темков, Соња Шуловиќ, Искра Грабуловска, Томас Лехрер, Ванчо Ванев, Жерар Брасел, Радмила Радивоевиќ, Новица Арсовски, Персоналот на МСУ и други анонимни учесници.

издавач: музеј на современата уметност — скопје

организација: мсу — скопје

печатница: графички завод „гоце делчев", скопје

тираж: 100